# Надлежности на Полицијата во случаи на домашно насилство

Сите дополнителни информации за вашите права и за начините како да се заштитите од семејното насилство може да ги добиете на следниве **СОС телефони:**

- 070 141 700
- 075 141 700
- 077 141 700

Летокот е изработен во рамки на регионалниот проект **Со заеднички напори – Кон нови европски стандарди во заштита на жените од родово базирано насилство** (Potpisuvam.org), кој го реализираат Автономен женски центар (Србија), Национален совет за родова рамноправност (Македонија), Центар за жени жртви на војната (Хрватска), Фондација Здружени жени (Босна и Херцеговина), Друштво СОС телефон (Словенија) и Европска женска мрежа против насилство (Австрија), во соработка со Европско женско лоби.

Во **Македонија** проектот се реализира во соработка со локалните партнерски организации: **Хелсиншки комитет за човекови права и ЛГБТИ Центар за поддршка, Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Организација на жени „Визија" – Кавадарци, Организација на жени – Пехчево и Здружение за еднакви можности „Езерка" – Струга.**

Летокот е изработен со поддршка од Европската унија.

Содржината на летокот е одговорност на авторите и на ниеден начин не ги одразува ставовите на Европската унија.

**Насилство во семејството е кога еден или повеќе членови во семејството ви се закануваат или ве повредува:**

- Ве бутка, ви удира шлаканици, ве тепа или на било кој начин ви нанесува физички повреди;
- Ве малтретира, ве омаловажува, ве навредува или ве нарекува со навредливи имиња;
- Не ви дозволува слободно да се движите или ви забранува да контактирате со членовите на семејството или пријателите;
- Не ви дозволува да заработувате, ви ги одзема парите кои ги заработувате, или пак ве присилува да го работите тоа што не го сакате;
- Не ви дава помош и не ве заштитува вас и другите членови на семејството;

Први институции во кои може да барате помош и заштита се: ***Центарот за социјална работа и Полицијата.***

**Надлежноста на полицијата на полето на семејното насилство е да го штити лицето-жртва, да ги открива сторителите, да спречува и да попречува семејно насилство.**

- Разговорот треба да се врши одвоено од сторителот на насилството.
- По земањето на основните податоци, полицискиот службеник треба да утврди дали има потреба од медицинска помош.
- Полицискиот службеник треба внимателно да ја сослуша хронологијата на настанот и да покажа разбирање за состојбата во која се наоѓа жртвата.
- На жртвата треба да ѝ се каже дека таа не е виновна за инцидентот.
- Одвоен разговор се води и со сторителот при што најпрвин мора да се утврди дали и нему/нејзе му/ѝ е потребна медицинска помош.
- За преземените дејствија веднаш или најдоцна за 48 часа полицискиот службеник треба писмено да го извести ЦСР.
- Доколку имало елементи на кривична одговорност тие се должни да поднесат кривична пријава против сторителот.

**Доколку полицијата не постапила според законските одредби, можете:**

- Писмено да се обратите на службата за интерна контрола;
- Да се обратите до Министерството за внатрешни работи;
- Да се обратите за помош на невладините организации, особено оние кои даваат бесплатна правна помош;
- Со тужба да барате заштита на правата.